Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) одлучувајќи по Известување за промени кај Друштво за ревизија и консалтинг Европски Центар за ревизија ДООЕЛ Скопје добиено од ИОРРМ од 09.01.2020 година, а врз основа на член 16 став (3) точка 1) и 2) од Законот за ревизија ("Сл. Весник на Република Македонија 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 184/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18"), на седница одржана на ден 10.02.2020 година го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **ТРАЈНО СЕ ОДЗЕМА** лиценцата за вршење на работи на ревизија на Друштво за ревизија и консалтинг **„Европски центар за ревизија„ ДООЕЛ Скопје**, поради неисполнување на член 24 став (1) точка 1) и 2) од Законот за ревизија, односно мнозинството акции или удели со право на глас во друштвото за ревизија не е во сопственост на еден или повеќе овластени ревизори.
2. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесување.

*Образложение*

Согласно член 16 став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот трајно ја одзема лиценцата за работа на друштво за ревизија кое не ги исполнува условите предвидени во член 24 став (1) точка 2) од Законот за ревизија.

ИОРРМ на ден 09.01.2020 г. достави Известување во врска со промени кај Друштво за ревизија, проценка и консалтинг „Европски центар за ревизија„ ДООЕЛ Скопје со прилог копија од нова Тековна состојба на оваа друштво за ревизија од 27.11.2019 година, со кое го известува Советот дека има промени во правниот облик, односно има направено промена на содружниците, промена на називот кај друштвото и промена кај управителите.

Согласно наведеното, а од причина што се настанати промени кај друштвото за ревизија „Европски центар за ревизија" ДООЕЛ Скопје, во поглед на основачите и број на вработени ревизори предвидени согласно член 24 од Законот за ревизија, како и од причина што во приложената копија од Тековна состојба на наведеното друштво за ревизија се наведени неажурирани информации на носители на лиценци, односно наведените лица повеќе не се во никаква релација со друштвото, се констатира дека е потребно трајно да се одземе лиценцата за вршење на работи на ревизија на друштвото за ревизија „Европски центар за ревизија" ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на горенаведеното, а во врска со член 16 став (3) точка 2) од Законот за ревизија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 10.02.2020 година одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

***Правна поука:*** *Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.*

**в.д. Претседател на Советот,**
**Ване Цветанов**

**Доставено до:**

- **подносителот,**
- **Институтот на овластени ревизори на Р.Македонија**
- **Архива на Советот**